JП КОМУНАЛНА ХИГИЕНА - СКОПЈЕ
NP HIGJIENA KOMUNALE - SHKUP

Јавно претпријатие Комунална хигиена - Скопје
Ndërmarrja publike Higjiena komunale - Shkup

Број/numër 03-590

Дата/data 28-02-2023

**JАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ КОМУНАЛНА ХИГИЕНА - Скопје**

# *ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ*

**За работењето на ЈП Комунална хигиена – Скопје**
**за период I –XII/2022 година**

**Февруари/ 2023 ГОД.**

Јавно претпријатие Комунална хигиена - Скопје
Ndërmarrja publike Higjiena komunale - Shkup
Број/numer 03-590-1
Дата/data 28-02-2023

**ПРЕДЛОГ**

# ОБЈАСНУВАЧКИ БЕЛЕШКИ

## ЗА 2022 ГОДИНА

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив на друштвото | **ЈП КОМУНАЛНА ХИГИЕНА** | | |
| Форма на трговско друштво | **Јавно претпријатие** | | |
| Број на регистарска влошка во Трговки регистар | **02040720?-7-09-000** | | |
| Седиште | **ул. 516 бр. 10 Скопје** | | |
| Промени во регистарската влошка во Трговскиот регистар до периодот на известување | | | |
| Позначајни дејности кои ги извршува | **Собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад** | | |
| Идентификација на поврзани субјекти (назив и процентуално учество) | | | |
| Број на вработени према степен на образование | Основно | Средно | Високо |
| | **545** | **630** | **88** |
| Сопственичка структура | | | |
| Други релевантни информации за друштвото | | | |

## 2. ОСНОВА ЗА ПОДГОТОВКА НА ГОДИШНА СМЕТКА

| | |
|---|---|
| Изјава за усогласеност (врз основа на кои стандарди е подготвена годишната сметка) | **Меѓународни стандарди за финансиско известување за мали и средни субјекти-МСФИ за МСЕ/ Меѓународни стандарди за финансиско известување и Меѓународни сметководствени стандарди/, објавени во Правилникот за водење сметководство** |
| Информација дали годишната сметка е поединечна или консолидирана | **Поединечна** |
| Валута на презентација | **МКД** |

# 3. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Јавно претпријатие Комунална хигиена - Скопје
Ndërmarrja publike Higjiena komunale - Shkup
Скопје, Република Македонија
Shkup, Republika Maqedonise
Број / numer 02 - 4358
Датум / data 25.05.2012

Врз основа на чл.469 ст.2 од ЗТД (Сл.весник на РМ бр.28/04) и врз основа на член 24 став 1 од Статутот на ЈП Комунална хигиена – Скопје, Управниот одбор на претпријатието, на 29-29-та седница одржана на ден 25.05.2012 година на експлицитен начин и безрезервно, ја дава следната

**И З Ј А В А**

Почнувајќи од 01.01.2012 година **ЈП Комунална хигиена - Скопје** известува согласно со **Меѓународниот стандард за финансиско известување за мали и средни субјекти (МСФИ за МСЕ)**, кој е објавен во **Правилникот за водење сметководство** ("Службен весник на РМ", бр, 159/09, 164/10 и 107/11).

Управен одбор
Претседател

Марика Зафировска

Сметководствените политики се применуваат конзистентно во текот на целата презентирана година, во се еднакво како и за претходната година. Основните сметководствени политики кои се применети при подготвување на годишната сметка се дадени во продолжение.

## Основи за подготовка на Годишна сметка

Годишната сметка на ЈП Комунална хигиена- Скопје е изготвена во согласност со Законот за трговски друштва ( Сл. весник бр. 28/04,....и 187/13) и Правилникот за водење сметководство ( Сл. весник бр.159/09,164/10 и 107/11) и Меѓународниот стандард за финансиско известување за мали и средни субјекти – МСФИ за МСЕ.

Годишната сметка е изготвена со примена на методата на набавна вредност и принципот на континуитет во работењето.

Годишната сметка ги вклучува :

- **Билансот на состојбата** ( Извештај на финансиската состојба) изготвен со состојба на 31.12.2022 година,
- **Билансот на успех** ( Извештај за добивка или загуба) за годината која завршува на 31.12.2022 година,
- **Извештајот за останата сеопфатна добивка** за годината која завршува на 31.12.2022 година и овие
- **Објаснувачки белешки**

При изготвување на годишната сметка, ЈП Комунална хигиена се придржуваше кон сметководствените политики опишани во оваа точка.

Позициите во билансите се изразени во денари. Денарот (МКД) претставува официјална известувачка валута на ЈП Комунална хигиена. Сите останати трансакции во валута различна од официјалната се сметаат за трансакции во странска валута. Отворените ставки на средства и обврски изразени во валута различна од официјалната се искажани во МКД.

## МАТЕРИЈАЛНИТЕ СРЕДСТВА (НЕДВИЖНОСТИ, ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА)

Материјалните средства се признаваат како средства според трошокот на набавката, во согласност со условите за признавање кои се наведени во Одделот 17 - Недвижности, постројки и опрема.

За материјалните средства (недвижности, постројки и опрема), основицата за пресметка на амортизација е набавната вредност, намалена за преостанатата вредност (остаток на вредност) на тоа средство.

Амортизацијата на материјалните средства се пресметува со праволиниска метода во периодите на векот на употреба .

Амортизација на средство почнува кога истото се става во употреба, т.е. кога се наоѓа на локацијата и во условите неопходни за истото да биде оперативно

способно на начин предвиден од раководството.

Амортизацијата на средство престанува кога средството е отпишано. Амортизацијата не престанува кога средството лежи неискористено или се повлекува од активна употреба освен ако средството не стане целосно амортизирано.

ЈП Комунална хигиена - Скопје ја одредува признаената добивка или загуба од отпишувањето на ставка на недвижности, постројки и опрема како разлика помеѓу нето приливите од оттуѓувањето, ако такви има, и сметководствената вредност на ставката.

## НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

Нематеријално средство е немонетарно средство без физичка супстанца кое може да се идентификува.

ЈП Комунална хигиена - Скопје го мери нематеријалното средство според набавната вредност намалена за акумулираната амортизација и било кои други акумулирани загуби поради обезвреднување.

Амортизацијата започнува кога нематеријалното средство се става во употреба и амортизацијата престанува кога средството се отпишува.

Износ кој подлежи на амортизација (основица за амортизација) претставува набавната вредност на нематеријалното средство намалена за остатокот на неговата вредност.

ЈП Комунална хигиена - Скопје применува праволиниски метод на амортизација на нематеријалните долгорочни средства и стапката на амортизација е 20%.

## ЗАЛИХИ

Залихите во ЈП Комунална хигиена - Скопје ги опфаќа: суровините, материјалите, резервните делови, ситниот инвентар и автогумите, личните заштитни средства и опремата, горивото и друго.

ЈП во набавната вредност на залихите ги вклучува сите трошоци за набавка, трошоците за конверзија и другите трошоци направени залихите да се донесат до нивната сегашна локација и состојба.

ЈП Комунална хигиена - Скопје ја мери набавната вредност на залихите со користење на трошковната формула ФИФО (прв влезен, прв излезен).

## КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА

Побарувањата од купувачите, побарувањата за повеќе исплатени износи од добивката, побарувањата од вработените, побарувањата од државата и другите институции и останатите побарувања се искажуваат по номинална вредност зголемена за каматите согласно склучениот договор односно одлуката за исплата.

За сите побарувања од купувачи кои не се наплатени во договорениот рок се

пресметува казнена камата. Побарувањата кои се искажани во девизи се пресметуваат според средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на Извештајот за финансиска состојба.

Намалувањето на вредноста на побарувањата се спроведува задолжително кога должникот е во постапка на стечај или ликвидација. Вредноста на побарувањата се намалува за исправката за сомнителни и спорни побарувања, односно за вредносното усогласување на побарувањата според рочната структура.

Побарувањата од правни лица се вреднуваат: *до 1 година се вреднуваат 100% од номиналниот износ;*Побарувањата *од 1 - 2 години се вреднуваат 75% од номиналниот износ;* Побарувањата *од 2 - 3 години се вреднуваат 50% од номиналниот износ*

Според рочноста а во согласност со Законот за облигациони побарувањата застаруваат:од правни субјекти во рок од 3 год. а од физички лица во рок од 1 год.

## ПАРИЧНИ СРЕДСТВА (ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ)

Парите на сметките во денари кај комерцијалните банки се водат во номинални износи според доставениот извод за состојбата на прометот на тие сметки.
Парите во благајна во денари се искажуваат по номинална вредност.
Девизите на сметките во банката и благајната се искажуваат по среден курс на Народната банка на Република Македонија на денот на изготвување на Извештајот на финансиската состојба.

## АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА

Однапред платените трошоци за идни периоди се искажуваат како активни временски разграничувања, а се пресметуваат во трошоци на периодот за кој се однесуваат. Приходите кои се пресметани во корист на тековниот период, а немаат елементи за да се искажат како побарување, се искажуваат како активни временски разграничувања. Основата за приходување и искажување на таквите износи на временските разграничувања мора да биде утврдена со соодветна сметководствена исправа.

## ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ

Обврските спрема поврзаните друштва, по заеми, спрема кредитните институции, за аванси, спрема добавувачите и останатите долгорочни обврски се искажуваат по номинална вредност, зголемена за достасаните камати според склучениот договор.

## КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ

Обврските по заеми, спрема кредитните институции, за аванси, депозити и гаранции, спрема добавувачите, вработените, за даноци, придонеси и други давачки и останатите краткорочни обврски се искажуваат во вредност која е искажана во

соодветна сметководствена исправа. Овие обврски се класифицираат како краткорочни, доколку на датумот на изготвување на Извештајот на финансиската состојба рокот на доспевање им е до 12 месеци.

## ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА

На товар на пресметковниот период се пресметуваат и трошоците за кои не постојат соодветни сметководствени исправи за да можат да се признаат како обврска, а за кои со сигурност може да се утврди дека се однесуваат на тековниот пресметковен период. Кога ќе се прибават документи за признавање на обврските, се врши укинување на временските разграничувања во корист на сметките на обврските.

Приходите за кои нема услови за признавање во тековниот пресметковен период се одложуваат преку временски разграничувања за идни периоди.

## ДАНОК НА ДОБИВКА

Данокот на добивка (данокот на непризнати расходи) се утврдува и се плаќа според Годишниот даночен биланс и истиот претставува одбитна ставка од финансискиот резултат пред оданочување во Билансот на успех (Извештајот за сеопфатна добивка).

## ДОБИВКА ИЛИ ЗАГУБА ВО ТЕКОВНАТА ГОДИНА

Добивката или загубата во тековната година во Извештајот за финансиската состојба се искажува по оданочувањето како добивка, односно загуба од работењето во тековната година.

## ЗАДРЖАНА (АКУМУЛИРАНА) ДОБИВКА / ЗАГУБА

Во деловните книги на ЈП Комунална хигиена - Скопје посебно се искажува задржаната (нераспоредена) добивка, а посебно искажаната загуба од работењето. Искажаната загуба од работењето може да се покрие со задржаната добивка само по одлука на ЈП Комунална хигиена - Скопје, а во согласност со одредбите на Законот за трговските друштва.
Доколку настане загуба, истата се покрива од сите позиции на капиталот.

## ПРИХОДИ

Приходите се искажани според објективната вредност на примените парични средства или побарувања, намалени за одобрени дисконти и данокот на додадена вредност. Приходите се искажуваат преку Билансот на успех во моментот на нивното настанување односно кога договорената услуга е извршена од страна на претпријатието.

## РАСХОДИ

Расходите вообичаено се јавуваат како одлив или намалување на средствата како што се парите и паричните еквиваленти, залихите,недвижностите, постројките и опремата. Расходите се признаваат во билансот на успех, кога настанува намалување на идните економски користи како резултат на намалување на средствата или зголемување на обврските и истото може да се измери веродостојно.

## 4. КОРИСТЕНИ ПРОЦЕНКИ

Изготвувањето на годишната сметка во согласност со МСФИ бара од ЈП Комунална хигиена да употребува проценки и претпоставки кои влијаат на прикажаните износи на средства и обврски и обелоденување на неизвесни средства и обврски на датумот на известување, како и на приходите и трошоците за извештајниот период. Овие проценки и претпоставки се засновани на информациите достапни на датумот на изготвувањето на Извештајот за финансиската состојба.

## 5. ПРОМЕНА НА СМЕТКОВОДСТВЕНИТЕ ПОЛИТИКИ

Сметководствените политики кои се утврдени со овој правилник се применуваат од период до период на конзистентна основа.
Сметководствената политика се менува доколку тоа е условено со измена или донесување на МСФИ за МСЕ.
По исклучок промена на сметководствените политики може да се направи доброволно, во согласност со Оддел 10, ако се процени дека новата сметководствена политика води кон подобра презентација на случувањата и позициите во финансиските извештаи.
За промените во сметководствените политики одлучува раководството на правниот субјект, и во тековната 2022година таква промена нема.

## 6. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК

ЈП Комунална хигиена –Скопје, врз основа на Стратегијата за управување со ризици, е централен дел на стратешкото управување и претставува алатка на раководителите да ги предвидат неповолните настани и да ги насочат постапките на внатрешната контрола и ограничените ресурси кон клучните функции и со нив поврзаните ризици.

Во согласност со COSO рамката за управување со ризиците, процесот на управување со ризиците се состои од следните елементи односно активности:

- поставување цели
- утврдување и проценка на ризиците
- постапување по ризиците
- следење и известување